АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 29.01.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ по сила на закон** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 111280 и 107567 издадени на корисникот Друштво за ископи на руда, производство на метали, трговија и услуги ФЕНИ ИНДУСТРИ АД Кавадарци со седиште во с. Возарци П.ФАХ. 53, Кавадарци, поради тоа што имателот на одобренијата престанал да постои.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентни броеви 111280 и 107567 на корисникот Друштво за ископи на руда, производство на метали, трговија и услуги ФЕНИ ИНДУСТРИ АД Кавадарци со седиште во с. Возарци П.ФАХ. 53, Кавадарци. При проверка на податоците за имателот на одобрението во базата на податоци од Централен Регистар на Р. Македонија од страна на Одделението за управни работи и наплата на побарувања при Агенцијата за електронски комуникации се констатира дека имателот на одобрението е избришан од Централниот Регистар на Р. Македонија, поради што се донесе решение одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 111280 и 107567 да престанат да важат по сила на закон.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-6р.0802-37
Скопје 29.01.2020

Изработил: Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска
29.01.2020

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- Архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за финансии
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301.12/Изм.02

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk